UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2020, ISSUE NUMBER 9-10

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 9, 10 VOLUME IX, X

YEAR 2020

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2020, Issue Number 9, 10**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

## Содржина

**БОНЕВА Силвана**
УЛОГАТА НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА ПРИ ЗАКОНОДАВНИТЕ ОРГАНИ НА СЛОВЕНИЈА, ХРВАТСКА, СРБИЈА И ЦРНА ГОРА ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........ 3

**МИТРОВИЌ Давид**
ТРГОВИЈА СО ДРОГА НА БАЛКАНОТ (БАЛКАНСКА РУТА) ........ 23

**НАУНОВА Ана**
РЕГРУТИРАЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 33

**PEZONE Maria Pia**
IL CASO DEL SEQUESTRO DI TRE IMBARCAZIONI UCRAINE DA PARTE DELLA RUSSIA ........ 45

**СТОЈАНОВА Ивана**
**ГЕОРГИЕВА Мартина**
ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ ........ 57

**ЏАМБАЗОВА Елизабета**
УЛОГАТА НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА ЗА ЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ........ 69

**БОНЕВА Силвана** **УДК:** 342.53.07:341.171(497:4-672ЕУ)

# УЛОГАТА НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА ПРИ ЗАКОНОДАВНИТЕ ОРГАНИ НА СЛОВЕНИЈА, ХРВАТСКА, СРБИЈА И ЦРНА ГОРА ВО ПРОЦЕСОТ НА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Апстракт:** Процесот на европската интеграција на една држава е комплексен, којшто вклучува многу процедури, институции и критериуми. Покрај специјализираните органи на управата и извршната власт, важна улога во приближувањето кон Европската Унија има и законодавната власт, а особено работните тела надлежни за европска интеграција. Во најголем дел од националните парламенти на државите членки и земјите кандидати за членство во ЕУ, прашањата поврзани со односите и членството во ЕУ претставуваат надлежност (како експлицитна надлежност или надлежност за координација) на посебни постојани работни тела. Овие работни тела (комисии или комитети), најчесто се воспоставуваат врз основа на деловник или закон, но постојат и случаи каде истите имаат уставно - правен статус. Секој од парламентите на земјите-учеснички избра различни модели на учество во процесот на донесување одлуки во ЕУ. Во овој труд се дава преглед на надлежностите на законодавните работни тела за европска интеграција и нивната релација со другите тела и органи во Словенија, Хрватска, Србија и Црна Гора. Во трудот се дава споредбен приказ и се дава осврт кон капацитетот на овие тела.

**Клучни зборови**: *Европска Унија, европска интеграција, законодавен орган, законодавни работни тела*

**BONEVA Silvana** **UGD:** 342.53.07:341.171(497:4-672ЕУ)

# THE ROLE OF THE LEGISLATIVE WORKING BODIES OF SLOVENIA, CROATIA, SERBIA AND MONTENEGRO IN THE PROCESS OF INTEGRATION IN THE EUROPEAN UNION

**Abstract:** The process of European integration of a country is complex, which includes many procedures, institutions and criteria. The specialized administrative bodies and the executive, also the legislative branch, and especially the working bodies responsible for European integration, have an important role in a country’s integration process in the European Union. In most of the national parliaments of the member states and candidate countries, issues related to relations and EU membership are the competence (as an explicit competence or competence

for coordination) of special permanent working bodies. These working bodies (commissions or committees) are usually established on the basis of rules of procedure or law, but there are also cases where they have a constitutional-legal status. Each of the participating countries' parliaments has chosen different models of participation in the EU decision-making process. This paper provides an overview of the competencies and legislative working bodies for European integration and their relationship with other bodies in Slovenia, Croatia, Serbia and Montenegro. The paper provides a comparative overview and gives an overview of the capacity of these bodies.

**Keywords**: *European Union, European integration, legislature, legislative working bodies*

**ВОВЕД**

Идејата за европска интеграција се раѓа како одговор на разорните последиците од Втората светска војна и потребата за траен мир на стариот континент. Во тој контекст, во 1951 година со договорот од Париз 6 западно-европски земји ја создаваат Европската заедница за јаглен и челик, а 6 години подоцна, во 1957 се раѓа и Европската економска заедница со договорот од Рим. Оттогаш идејата за обединета Европа постепено расте, а самата Заедница се трансформира во Европска Унија (ЕУ) со договорот од Мастрихт од 1993 год, кој одговара на предизвиците во Европа по завршувањето на Студената војна. Во тој поглед, истата година ЕУ ги поставува и Копенхагенските критериуми за членство за нови кандидати за приклучување кон Унијата. Со нив, процесот на пристапување кон ЕУ бара секоја нова земја-членка да ги усвои и примени бројните закони и прописи содржани во законодавството на ЕУ (acquis communautaire). Преку нив, ЕУ поттикнува промена и прилагодување на законодавството, политиките и институциите во земјата-кандидат, со цел да се достигнат и да се заштитат вредностите и нормите кои ги има поставено ЕУ.

За таа цел, Европската комисија изготви партнерство за секоја од земјите кандидати, опфаќајќи:

- области со приоритетни активности,
- финансиски средства за да му се овозможи на секој апликант да ги спроведе приоритетите,
- услови за спроведување на помошта.

За возврат, ЕУ бара од секоја земја апликант да изготви национална програма за усвојување на правото на *ЕУ*, дефинирано преку Договорот од Лисабон од 2009 година, со распоред за приоритетни мерки и детали за потребните ресурси. Овие документи се разгледуваат и адаптираат секоја година за секоја од земјите-апликанти[1].

Во најголем дел од националните парламенти на државите-членки и земјите-кандидати за членство во ЕУ, прашањата поврзани со односите и членството во ЕУ претставуваат надлежност (како експлицитна надлежност или надлежност за

[1] https://www.europarl.europa.eu/enlargement/briefings/9a3_en.htm

координација) на посебни постојани работни тела. Овие работни тела (комисии или комитети), најчесто се воспоставуваат врз основа на деловник или закон, но постојат и случаи каде истите имаат уставно - правен статус. Секој од парламентите на земјите-учеснички избра различни модели на учество во процесот на донесување одлуки во ЕУ[2].

**Улогата на работните тела при законодавниот орган на Република Словенија во процесот на интеграција во Европската Унија**

Словенија го поднесе своето барање за членство во ЕУ во 1996 година, во 1998 година ги започна пристапните преговори, а во 2004 година стана земја-членка на ЕУ.

**Надлежности и улога на надлежните парламентарни тела во процесот на пристапување**

Словенечкиот парламент се состои од два дома: Националното собрание на Република Словенија (Državni zbor) и Националниот совет на Република Словенија (Državni Svet). Национално собрание (Дрјавни zbor), во процесот на пристапување на земјата кон ЕУ, избра модел кој му обезбедува релативно силна улога во справувањето со прашањата на ЕУ, слично на оној на некои скандинавски парламенти. Националното собрание усвои предвидливо испитување на нацрт-законодавството на ЕУ и го стави главниот фокус на специјалниот комитет за прашања на ЕУ[3].

Националното собрание на Република Словенија во процесот на интеграција на државата во ЕУ, својата улога ја остварува преку:

1) Комитетот за надворешни работи (Odbor za zunanjo politiko),
2) Комисијата за европски прашања (Komisija za evropske zadeve) и
3) Словенечката делегација во Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Словенија.

Во рамките на Националниот совет на Република Словенија не постои специјализирано тело за европски прашања. Сепак, Комитетот за надворешни работи и европски прашања ги разгледува прашањата во врска со ЕУ[4]. Со оглед на составот и надлежностите на Националниот совет, неговата улога во однос на прашањата поврзани со ЕУ се сведува на давање мислење по определено прашање до надлежните работни тела на Националното собрание[5].

[2] https://hrcak.srce.hr/39930
[3] https://hrcak.srce.hr/39930
[4] European Affairs Committees, The Influence of National Parliaments on European Policies, European Centre for Parliamentary Research and Documentation (EPCRD), 2002, стр. 96.
[5] Официјална интернетска страна на Асоцијацијата на Европски сенати, http://www.senateurope.org/eng/warsaw_2004/reponsequestionnaire_slovenie_en.htm

**Комитет за надворешни работи**

Пред влезот на Република Словенија во ЕУ, Комитетот за надворешни работи меѓу другото се занимава со општи прашања во врска со европската интеграција, координирање на работата на работните тела во врска со европската интеграција со надлежност да им дава мислења, препораки и предупредувања во однос на прашањата поврзани со ЕУ. Воедно, Комитетот за надворешни работи врши и други задачи во однос на европски прашања кои не спаѓаат под директна надлежност на работните тела[6]. Со започнувањето на процесот на преговори за членство на Република Словенија во ЕУ во 1998 година, позициите на Владата на Република Словенија во преговорите со ЕУ требаше да бидат официјално одобрени од Комитетот за надворешни работи. Ваквиот пристап на активно вклучување на Комитетот за надворешни работи во процесот на преговори теоретски му овозможи на Националното собрание значајна улога во интегративниот процес, а воедно на Владата ѝ овозможи споделување на одговорноста за целиот процес. Сепак, со ограничената експертиза во специфични технички области, практичната улога на Собранието во најголемиот дел беше сведена на прибирање информации со можност за инволвирање на Владата во дебата, при што на крајот најчесто беа само потврдувани позициите на Владата[7]. Комитетот за надворешни работи (2000-2004), беше составен од претседател од редот на владеачкото мнозинство, двајца потпретседатели и 20 членови[8].

**Комисија за европски прашања**

Комисијата за европски прашања како непостојано работно тело во рамките на Националното собрание на Република Словенија за првпат беше воспоставена во 1996 година, со надлежност да ги координира, следи и насочува активностите во обласка на европските интегративни процеси во рамките на Националното собрание и во однос на другите институции во Република Словенија[9]. Во 2001 година во делокругот на работата на Комисијата за европски прашања беа утврдени: општите прашања во врска со европската интеграција; координирање на работата на работните тела во врска со европската интеграција и давање мислења, препораки и предупредувања за работните тела; анализа на последиците од интеграцијата на Република Словенија во европските структури и подготовка на глобални извештаи; организирање на јавното мислење за одделни прашања во процесот на европската интеграција; одржување расправа за програмата за интеграција на Република Словенија во ЕУ и надгледување на нејзиното спроведување; следење на спроведувањето на усогласувањето на словенечкото

[6] Одлука за воспоставување на Комитетот за надворешни прашања на Народното собрание на Република Словенија, Padni list RS, št. 109/2000 z dne 28. 11. 2000.
[7] Primoz Vehar, "The National Assembly of the Republic of Slovenia and EU affairs before and after accession", in O'Brennan J., Raunio T. (eds.), National Parliaments within the Enlarged European Union: From 'Victims' of Integration to Competitive Actors?, Routledge, London and New York, 2007, стр. 244.
[8] Одлука за воспоставување на Комитетот за надворешни прашања на Народното собрание на Република Словенија, Padni list RS, št. 109/2000 z dne 28. 11. 2000.
[9] Одлука за составот на Комисијата на Народното собрание на Република Словенија за европски прашања, Uradni list RS, št. 44/1996 z dne 9. 8. 1996.

законодавството со правото на ЕУ; соработка со институциите во Република Словенија, со телата на ЕУ и други земји во однос на европската интеграција на државата; организирање и координирање на помошта за обука за прилагодување на Република Словенија кон ЕУ; вршење други задачи во однос на европските прашања кои не спаѓаат под директна надлежност на работните тела[10]. Седниците на Комисијата за европски прашања генерално беа отворени за јавност. Сепак, членовите на Комисијата имаа можност да гласаат седницата да се одржи зад затворени врати[11]. Комисијата за европски прашања практикува одржување заеднички седници со другите тела на Националното собрание[12]. Во однос на улогата на Комисијата за европски прашања, позитивно се оценува нејзината вклученост во работата на Европската конвенција, како и во рамките на Конференцијата на парламентарните комисии за европски прашања (COSAC). Од друга страна, недостигот на човечки ресурси на Комисијата и неможноста да ја следи динамиката на Владата придонесе за потешкотии во следењето на спроведувањето на усогласувањето на словенечкото законодавството со правото на ЕУ[13]. Препораките на Комисијата не ја обврзуваа Владата. Комисијата за европски прашања беше составена од 8 членови, претседател од редовите на опозициската партија и еден потпретседател[14]. Значајно за улогата на Националното собрание во процесот на евроинтеграција е што Владата мораше да добие прелиминарно одобрување за својата преговарачка позиција од Комитетот за надворешни работи пред секое заминување во Брисел[15]. Од наведеното произлегува дека Комитетот за надворешни работи и Комисијата за европски прашања немаат јасна поделба во голем дел на надлежностите, што се припишува како една од причините за недостатоците во функционирањето на Комисијата за европски прашања[16].

## Мешовит парламентарен комитет ЕУ - Република Словенија

Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Словенија беше одговорен за набљудување на Европскиот договор за асоцијација меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, од една страна, и Република Словенија од друга страна[17]. По

---

[10] Одлука за воспоставување на Комисијата на Народното Собрание на Република Словенија за европски прашања, Uradni list RS, št. 24/2001 z dne 5. 4. 2001.

[11] European Affairs Committees, The Influence of National Parliaments on European Policies, European Centre for Parliamentary Research and Documentation (EPCRD), 2002, стр. 97.

[12] European Affairs Committees, The Influence of National Parliaments on European Policies, European Centre for Parliamentary Research and Documentation (EPCRD), 2002, стр. 97.

[13] ECPRD Request 1542: Role of Parliament in the EU Accession Negotiation Process, reply by the National Assembly of the Republic of Slovenia.

[14] Одлука за воспоставување на Комисијата на Народното Собрание на Република Словенија за европски прашања,Uradni list RS, št. 24/2001 z dne 5. 4. 2001.

[15] European Affairs Committees, The Influence of National Parliaments on European Policies, European Centre for Parliamentary Research and Documentation (EPCRD), 2002, стр. 97.

[16] Primoz Vehar, "The National Assembly of the Republic of Slovenia and EU affairs before and after accession", in O'Brennan J., Raunio T. (eds.), National Parliaments within the Enlarged European Union: From 'Victims' of Integration to Competitive Actors?, Routledge, London and New York, 2007, стр. 244.

[17] Fink-Hafner,Lajh, Managing Europe From Home The Europeanisation of the Slovenian Core Executive, OEUE Phase I, Occasional Paper 6.1- 09.2003, стр. 22.
https://www.researchgate.net/publication/237297192_Managing_Europe_from_home_The_Europeanisation_of_the_Slovenian_core_executive

пристапувањето на Република Словенија во ЕУ, на 1 мај 2004 година, Европската спогодба за асоцијација престанува да важи, односно истата е заменета со Договорот за пристапување на Република Словенија во Европската Унија. Со престанувањето на важноста на правната основа за неговото формирање, Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Словенија престанува да постои. Словенечката делегација во Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Словенија беше составен од 12 члена[18], при што некои од нив беа членови и на Комисијата за европски прашања[19].

**Улогата на работните тела при законодавниот орган на Република Хрватска во процесот на интеграција во Европската Унија**

Хрватскиот пат кон ЕУ започна во 2001 година со потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација. Хрватска поднесува барање за членство во Европската Унија во 2003 година, позитивно мислење и кандидатски статус добива во 2004 година, а пристапни преговори со ЕУ отвара во 2005 година. Од 2005 до 2011 година, Хрватска ги затвора сите 35 поглавја и на 1 јули 2013 станува полноправна членка на ЕУ.

**Надлежностите и улогата на надлежните парламентарни тела во процесот на пристапување**

Хрватскиот парламент (Сабор) учествува во процесот на пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ преку:

1) Комитетот за европска интеграција (Odbor za europske integracije);
2) Националниот комитет (Nacionalni odbor);
3) Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Хрватска.

**Комитет за европска интеграција**

Комитетот за европска интеграција беше постојано работно тело на Саборот основано во 2000 година. Надлежностите на Комитетот за европска интеграција опфаќаа следење на усогласувањето на хрватскиот правен систем со правото на ЕУ; следење на извршувањето на правата и обврските на Република Хрватска што произлегуваат од меѓународните договори кои се однесуваат на Советот на Европа; следење на користењето на програмите за помош од ЕУ и соработка и разменување искуства со другите тела вклучени во европските интегративни процеси[20]. Во однос на следењето на користењето на помошта од ЕУ, Комитетот за европска интеграција заедно со релевантните работни тела на Саборот оддржаа 17 тематски седници[21] за извештаите на

---

[18] Ibid.

[19] European Affairs Committees, The Influence of National Parliaments on European Policies, European Centre for Parliamentary Research and Documentation (EPCRD), 2002, стр. 97.

[20] http://www.sabor.hr/Default.aspx?sec=2349

[21] Извештаите на Комитетот за европска интеграција и релевантните работни тела на Саборот во однос на користењето на ИПА се достапни на:

Владата на Република Хрватска за користењето на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во периодот 2007-2013 година. Со влезот на Република Хрватска во ЕУ и стапувањето на сила на новиот Деловник[22] на Хрватскиот сабор на 1 јули 2013 година Комитетот за европска интеграција престана да постои.

**Национален комитет**

Националниот комитет беше основан во 2005 година, како работно тело на Хрватскиот сабор за следење на преговорите за пристапување на Република Хрватска кон ЕУ[23]. Во надлежност на Комитетот беше да врши надзор и оценка на текот на преговорите; да дава мислења и насоки во име на Саборот за преговарачките позиции на Република Хрватска со ЕУ; да ги разгледува информациите за процесот на преговори; да разгледува и дава свои ставови за прашањата кои ќе се појават во текот на преговорите; да ја анализира и оценува работата на поединечните членови на преговарачкиот тим, а по потреба да дава и мислење за усогласувањето на хрватското законодавство со правото на ЕУ[24]. Процесот на вршење контрола на претпристапните преговори, започнува откако преговарачкиот тим на Република Хрватска ќе го достави предлогот на преговарачката позиција на Република Хрватска до Националниот комитет за дискусија[25]. Потоа, преговарачкиот тим го дискутира мислењето на Националниот комитет за определената предлог позиција и се усвојува позицијата. Конечната верзија на позицијата се доставува до Националниот комитет. Националниот комитет, исто така, добива разни документи во врска со преговарачкиот процес на редовна основа. Таквите документи се скрининг извештаи, заеднички ставови на ЕУ, стратегии и извештаи, акциски план, извештаите за исполнување на обврските кои произлегуваат од процесот на преговарање и др.[26] Комитетот служи и како форум за консултации и дискусии меѓу партиите во Саборот и Владата. Националниот комитет го известува Саборот за својата работа на пленарна седница два пати годишно. Со затворањето на процесот на преговори меѓу Република Хрватска и ЕУ на 30 јуни 2011 година, Националниот комитет престана да постои.

---

http://www.sabor.hr/Default.aspx?SearchText=Izvje%C5%A1%C4%87u+o+kori%C5%A1tenju+pretpristupnih+pr ograma+pomo%C4%87i+Europske+unije&p=1&sec=2444&act=6

[22] POSLOVNIK HRVATSKOGA SABORA, Narodne novine br.: 81/2013.

[23] Odluka o osnivanju Nacionalnog odbora (19. siječnja 2005.), http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=13010&sec=287

[24] Croatia on the Road to the European Union, Ministry of Foreign Affairs and European Integration, Republic of Croatia, 2009, стр. 9 http://www.mvep.hr/files/file/publikacije/Croatia_on_the_Road_to_the_EU.pdf

[25] Rezolucija o strategijskim odrednicama pregovora Republike Hrvatske s Europskom unijom, Narodne novine br.: 122 19.10.2005 .

[26] ECPRD Request 1542: Role of Parliament in the EU Accession Negotiation Process, reply by the Parliament of the Republic of Croatia.

**Мешовит парламентарен комитет ЕУ - Република Хрватска**

Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Хрватска[27] беше формиран во 2004 година врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу ЕУ и нејзините земји членки, од една страна, и Република Хрватска од друга страна. Членовите на Мешовитиот комитет се состануваа два пати годишно на редовни седници, со цел да ги разменат своите искуства за најважните аспекти од процесот на пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ, како и да разговараат за прашања за ефективното функционирање и понатамошниот развој на ЕУ. На крајот од секоја средба беа усвојувани заеднички декларации и препораки. По пристапувањето на Република Хрватска во ЕУ, на 1 јули 2013 година, Договорот за стабилизација и асоцијација престанува да важи, односно истиот е заменет со Договорот за пристапување на Република Хрватска во ЕУ. Со престанувањето на важноста на правната основа за неговото формирање, Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ -Република Хрватска престана да постои.

**Составот на надлежните парламентарни тела во процесот на пристапување**

Составот и работата на работните тела на Саборот, вклучително и Комитетот за европска интеграција е уреден со Деловникот[28] на Хрватскиот сабор, којшто беше на сила во периодот на интеграцијата на Република Хрватска во ЕУ. Комитетот за европска интеграција е составен од претседател, заменик претседател и 11 членови. Претседателот на Комитетот за европска интеграција е и член на Националниот комитет[29]. Составот на работните тела, вклучително и на Комитетот за европска интеграција одговара на партискиот состав на Саборот. Претседателот на работното тело ја координира работата на работното тело со работата на Саборот и другите работни тела[30]. Работните тела соработуваат и можат да одржуваат заеднички седници по што доставуваат заеднички извештаи до Саборот[31]. Седниците на работните тела или поединечни делови од седниците на работните тела на Саборот може да бидат затворени за јавноста врз основа на одлука на работното тело[32].

Националниот комитет има претседател, потпретседател и по шест членови од редот на владеачките и опозициските партии во Саборот. Претседателот се бира од редот на опозициските партии, а потпретседателот од редот на владеачката партија или

[27] http://www.sabor.hr/Default.aspx?sec=5326
[28] Archived Standing Orders of the Croatian Parliament, January 2002 (NN. 6/2002), Parliamentary Working Bodies, http://www.sabor.hr/10
[29] Odluka o osnivanju Nacionalnog odbora (19. siječnja 2005.), http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=13010&sec=287
[30] Archived Standing Orders of the Croatian Parliament, January 2002 (NN. 6/2002), Parliamentary Working Bodies, (член 45) http://www.sabor.hr/10
[31] Archived Standing Orders of the Croatian Parliament, January 2002 (NN. 6/2002), Parliamentary Working Bodies, (член 52) http://www.sabor.hr/10
[32] Archived Standing Orders of the Croatian Parliament, January 2002 (NN. 6/2002), Parliamentary Working Bodies, (член 255), http://www.sabor.hr/10

владеачката коалиција во Саборот. Претседателите на Комитетот за надворешна политика, Комитетот за меѓународна соработка и Комитетот за европска интеграција се членови на Националниот комитет без оглед на тоа на која партија припаѓаат[33]. Воедно во Комитетот се именуваат четворица членови и тоа: претставник на Канцеларијата на Претседателот на Република Хрватска, претставник на Академската заедница, претставник на Здружението на работодавачи и претставник на синдикатот[34]. Седниците на Националниот комитет, по правило се затворени за јавноста. Во таков случај, претседателот на Националниот комитет ја информира јавноста за предметот на дискусиите и донесените одлуки[35]. Стручната служба на Националниот комитет соработува и разменува информации во врска со сите прашања поврзани со ЕУ, со стручната служба на Комитетот за надворешна политика, Комитетот за меѓупарламентарна соработка и на Комитетот за европска интеграција[36]. Хрватската делегација во Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Хрватска има 15 члена и 15 заменици. Составот на комитетот одговара на партискиот состав на Саборот.

## Улогата на работните тела при законодавниот орган во процесот на интеграција во Европската Унија на Република Србија

Процесот на стабилизација и асоцијација на Република Србија со Европската Унија официјално започна во 2001 година. Во 2004 година, Националното собрание усвои резолуција за пристапување во ЕУ, а преговорите околу Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) меѓу ЕУ и Република Србија започнаа во 2005 година. Во 2009 година, Србија поднесе барање за членство во ЕУ, а по влегувањето во сила на ССА во 2013, Србија се здоби и со статус на земја кандидат, по што предпристапните преговори со ЕУ беа отворени.

## Надлежности и улога на надлежните парламентарни тела во процесот на пристапување

Народната скупштина учествува во процесот на пристапувањето на Република Србија кон Европската Унија преку[37]:

1) Одборот за европска интеграција (Одбор за европске интеграције) и
2) Парламентарниот одбор за стабилизација и асоцијација (Парламентарни одбор за стабилизацију и придруживање).

---

[33] Odluka o osnivanju Nacionalnog odbora (19. siječnja 2005.), http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=13010&sec=287
[34] Odluka o osnivanju Nacionalnog odbora (19. siječnja 2005.), http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=13010&sec=287
[35] Odluka o osnivanju Nacionalnog odbora (19. siječnja 2005.), http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=13010&sec=287
[36] Odluka o osnivanju Nacionalnog odbora (19. siječnja 2005.), http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=13010&sec=287
[37] Ibid.

***Одбор за европска интеграција***

Одборот за европска интеграција претставува работно тело на Народната скупштина, кое во соработка со претседателот на Народната скупштина, го координира процесот на следење на преговорите за пристапување на Република Србија кон Европската Унија[38]. Одборот за европска интеграција е воспоставен како постојано работно тело на Народната скупштина со измените на Деловникот на Народната скупштина од 30 мај 2003 година. Одборот има 17 членови. Надлежностите на Одборот се пропишани во членот 64 од Деловникот на Народната скупштина на Република Србија. Според овој член[39], Одборот за европска интеграција ги разгледува предлог-законите и другите општи акти во однос на нивната усосласеност со прописите на ЕУ и Советот на Европа, и за тоа поднесува извештај до Народната скупштина. Покрај тоа, Одборот ги разгледува плановите, програмите, извештаите и информациите поврзани со процесот на стабилизација и асоцијација кон ЕУ, го следи извршувањето на стратегијата за пристапување, предлага мерки и покренува иницијативи за забрзување на стратегијата за пристапување во рамките на надлежностите на Народната скупштина, како и предлага мерки за воспоставување на општ национален консензус за приклучување на Република Србија во европските институции.

Дополнително, Одборот развива соработка со работните тела во парламентите на другите земји и парламентарните институции на ЕУ, како и дава претходно мислење околу оправданоста на кратењето на времето за расправа, односно скратената постапка за која одлучува Народната скупштина. Со воведување на нови постапки од гледна точка на усогласување на регулативите, службата на Одделот за европска интеграција, основана во април 2006 година, ја презема надлежноста за анализа на нацрт-законите и другите општи акти од аспект на усогласеност на регулативите со регулативите на ЕУ, со пополнување на Изјавата за сообразност на регулативата со регулативите на ЕУ и табели за усогласеност на нацрт-законите и другите општи акти со прописите на ЕУ, кога предлагачите се пратеници. Со започнувањето на пристапните преговори со ЕУ, на 21 јануари 2014 година Народната скупштина на Република Србија ја дефинираше својата улога во овој значаен процес со усвојување на Резолуција за улогата на Националното собрание и принципите во преговорите за пристапување на Република Србија во ЕУ, 16 декември 2013 година. За време на подготовката на предлогот за резолуција беа консултирани претставници на Владата на Република Србија, Канцеларијата за европски интеграции и претставници на граѓанското општество. На состанокот одржан на 4 јуни 2014 година, Одборот за европски интеграции донесе Одлука за постапката за разгледување на предлогот за преговарачка позиција во преговарачкиот процес за пристапување на Република Србија во ЕУ. Со оваа Резолуција, Народната скупштина потврди дека стратешката цел на Република Србија во

---

[38] Резолуцију о улози Народне скупштине и начелима у преговорима о приступању Републике Србије Европској Унији, Народна скупштина на Република Србија, Белград, 2013.

[39] http://www.parlament.gov.rs/народна-скупштина/важнадокумента/пословник-(пречишћени-текст)/цео-пословник-(пречишћени-текст).1422.html

преговорите за пристап е да добие членство во ЕУ во најкус можен рок и дека преку своите активности ќе придонесе за нивно успешно лидерство, што е можно поскоро. Во Резолуцијата се потенцираше важноста на соработката помеѓу Народната скупштина и Владата на Република Србија, која е одговорна за водење и координација на преговорите за пристапување, со цел што побргу да се исполнат сите потребни политички, економски, правни и институционални критериуми за членство во ЕУ. Резолуцијата ја нагласува потребата од вклучување на одборите на Народното Собрание на Република Србија во областа на следење на пристапните преговори, со прашања од соодветните преговарачки позиции, додека Одборот за европска интеграција ќе има централна улога во координирањето на сите активности[40].

Одборот за европска интеграција, во преговарачкиот процес соработува со граѓанските организации, собрани во Националната конвенција за Европската Унија, координирана од Европското движење во Србија. Во тој поглед, формирана е и Националната конвенција за Европската Унија како тело за посебна соработка помеѓу Националното собрание на Република Србија и граѓанското општество во процесот на пристапни преговори, во согласност со добрата практика на стратешка соработка на граѓанското општество со највисокото законодавно тело во земјата и избрани претставници на граѓани, основани со Резолуција на Народната скупштина од 2004 година и одобрена со Резолуцијата 2013 година. Со усвојување на Резолуцијата, Националното собрание ја зајакнува својата контролна улога во процесот на преговори за пристапување на Република Србија и подготвеност да обезбеди инклузивност во сите фази на преговорите за пристапување на Република Србија во Европската Унија преку соработка со граѓанското општество, професионална јавност и други заинтересирани страни. Во исто време, се постигнуваат целосни и навремени информации за напредокот на пристапните преговори и постигнатите резултати.[41]

**Парламентарен одбор за стабилизација и асоцијација**

Договорот за стабилизација и асоцијација кон ЕУ стапи во сила во Република Србија на 1 септември 2013 година. Со стапувањето во сила на договорот се предвиде формирање на Парламентарен одбор за стабилизација и асоцијација, како ново заедничко тело надлежно за спроведување на договорот, составено од пратеници од Народната скупштина на Република Србија и од Европскиот парламент. Парламентарниот одбор е основан со цел разгледување на сите аспекти од односите помеѓу Република Србија и ЕУ, односно сите важни политички и економски прашања во процесот на европската интеграција на Република Србија, а посебно на спроведувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација[42]. Конститутивниот

---

[40] http://www.parlament.gov.rs/активности/европске-интеграције.4001.html

[41] Резолуцију о улози Народне скупштине и начелима у преговорима о приступању Републике Србије Европској Унији, Народна скупштина на Република Србија, Белград, 2013.

[42] Пословник Парламентарног одбора за стабилизацију и придруживање Европске уније и Србије, достапно на официјалната интернетска страна на Народната скупштина на Република Србија, http://www.parlament.gov.rs/активности/европске-интеграције/посл.2125.html

состанок на Парламентарниот одбор за стабилизација и асоцијација беше одржан на 15 ноември 2013 година во Белград, на кој беше усвоен Деловникот за работа на Одборот. Според Деловникот, Одборот се состои од подеднаков број на членови од Народната скупштина и од Европскиот парламент, а предвидено е да се состанува најмалку два пати годишно. На крајот на секој состанок, Одборот усвојува Декларација и препораки кои се испраќаат до Советот за стабилизација и асоцијација, како и до институциите на Република Србија и на ЕУ.

### Улогата на работните тела при законодавниот орган во процесот на интеграција во Европската Унија на Црна Гора

Процесот на интегрирање на Црна Гора во ЕУ формално е започнат во 2006 година со воспоставување на политички дијалог на министертско ниво меѓу Владата на Црна Гора и ЕУ. Спогодбата за стабилизација и асоцијација Црна Гора ја потпишала во 2007 година, која по ратификацијата од страна на земјите членки на ЕУ стапува на сила во 2010 година. Црна Гора апликацијата за членство во ЕУ ја поднела во 2008 година, а во 2010 година, Црна Гора се стекна со статус на земја-кандидат за членство во ЕУ.[43]

### Улогата на Собранието во преговорите за пристапување

Преговорите на Црна Гора со ЕУ официјално започнаа во 2012 година, со започнување на проценката на усогласеноста на националното законодавство со законодавството на ЕУ истата година. Собранието го даде својот придонес кон европскиот пат на Црна Гора преку институционални измени насочени кон зајакнување на парламентарниот надзор врз овој процес. Затоа, во мај 2012 година донесена е Одлуката за изменување и дополнување на деловникот на Собранието на Црна Гора[44]. Со овој акт, наместо претходната Комисија за меѓународни односи и европска интеграција, беа формирани две комисии - Комисијата за меѓународни односи и иселениците и Комисијата за европска интеграција. Со стапување на сила на оваа измена престанува да важи Одлуката за основање на Националниот совет за европска интеграција[45] и Одлуката за избор на претседател, потпретседател и членови на Националнито совет за европска интеграција[46] и се укинува Националниот совет за єврпоска интеграција.

[43] http://skupstina.me/index.php/me/pristupanje-eu/skupstina-u-procesu-pristupanja
[44] Службен весник на Република Црна Гора, бр. 025/12.
[45] Службен весник на Република Црна Гора, бр. 22/08.
[46] Службен весник на Република Црна Гора“, бр. 51/09.

**Надлежности и улога на релевантните парламентарни тела во процесот на пристапување**

Собранието на Црна Гора учествува во процесот на пристапувањето кон Европската Унија преку следните надлежни тела:

1) Комисија за европски интеграции;
2) Различни релевантни парламентарни комисии;
3) Парламетарен комитет за стабилизација и асоцијација и
4) Национален совет за европска интеграција на Црна Гора.

**Комисија за европски интеграции**

Комисијата за европски интеграции е клучно парламентарно тело за следење на преговорите со ЕУ. Во согласност со Деловникот за работа на Собранието на Црна Гора[47], Комисијата има надлежност: да ги следи преговорите за пристапувањето на Црна Гора во ЕУ; да го следи и оценува напредокот на преговорите и да дава мислења и упатства во име на Собранието за подготвените позиции за преговарање; да прегледува информации за процесот на преговори и да дава мислења за прашањата покренати за време на преговорите, како и преглед и проценка на перформансите на преговарачкиот тим. Во декември 2013 година, Собранието усвои Резолуција за методот, квалитетот и динамиката на процесот на интеграција на Црна Гора во ЕУ[48], со која, меѓу другото, поблиску се уредува надлежноста на Комисијата да дискутира за нацрт-преговарачки позиции за различни поглавја на законодавството. Согласно член 12 став 3 од Резолуцијата, Комисијата донесува мислење за преговарачките позиции со мнозинство од вкупниот број членови. Во негативно мислење за нацрт-преговарачката позиција на Комисијата, Владата постапува во рок од осум дена. Не подоцна од пет работни дена по изјавата на Владата, Комисијата го доставува своето последно мислење за нацрт-преговарачката позиција.

**Различни релевантни парламентарни комисии**

Што се однесува до улогата на другите парламентарни комисии во парламентарниот преглед на процесот на пристапување, Деловникот од 2012 година ги прошири и надлежностите на голем број комисии. Имено, седумте матични комисии (Комисија за политички систем, правда и администрација, Комисија за економија, финансии и буџет, Комисија за човекови права и слободи, Комисија за родова еднаквост, Комисија за туризам, земјоделство, екологија и просторно планирање, Комисија за образование и сл. наука, култура и спорт и Комисијата за здравство, труд и социјална заштита), добија надлежност да ја следат и оценуваат усогласеноста на црногорскиот закон со законодавството на ЕУ и врз основа на извештајот на Владата да го следат и

[47] Службен весник на Република Црна Гора 051/06, 066/06, 088/09, 080/10, 039/11, 025/12, 049/13, 032/14, 042/15, 052/17, 017/18.
[48] Службен весник на Република Црна Гора бр. 1/2014.

оценуваат спроведувањето на законот, особено законите со кои се усогласуваат обврските со законодавството на ЕУ. Секој предлог-закон што се разгледува на состаноците на овие комисии (*брифинг-документ*), содржи проценка за усогласеноста на нацрт-законот со правото на ЕУ, врз основа на преглед на табелата за усогласеност подготвена од Владата, како и споредување со други релевантни информации и документи што произлегуваат од преговорите за пристапување.

**Парламетарен комитет за стабилизација и асоцијација**

Деловникот за работа на Собранието ја регулира соработката на Собранието со парламентите на ЕУ и Европскиот парламент. Парламентот на Црна Гора и Европскиот парламент редовно соработуваат преку Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација (ПОСПП), формиран по влегувањето во сила на Договорот за стабилизација и асоцијација за 2010 година. ПОСП се состои од 14 члена на парламентот на Црна Гора и на Европскиот парламент и како по правило, се состанува двапати годишно, наизменично во Брисел или Стразбур и Подгорица.[49]

**Национален совет за европска интеграција на Црна Гора**

Националниот совет за европска интеграција се основа со Одлука донесена од Собранието на Црна Гора на 19 март 2008 година[50]. Согласно Одлуката на Националниот совет се основа како стратешко советодавно тело со високо ниво на учество на претставници од црногорското општество, кое ќе придонесе за подобра координација и надгледување на примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и следење на идните преговори за пристапување на Црна Гора кон ЕУ.

Националниот совет го има следниот состав:

- претседател и заменик претседател на Националниот совет кои се бираат од редовите на пратениците во Собранието на Црна Гора;
- шест члена кои се бираат од редовите на опозиционите пратеници, како претставници на политички опозиционите партии застапени во Собранието на Црна Гора, а притоа почитувајќи ја сразмерната застапеност на опозиционите политички партии во рамките на опозиционата политичка структура;
- претседателот и потпретседателот на Комисијата за меѓународни односи и за европска интеграција;
- претседателите на постојните комисии во Собранието на Црна Гора;
- по еден член кој го предлага: Претседателот на Црна Гора; Универзитетот на Црна Гора; Црногорската академија за науки и уметности; Судскиот совет; Обвинителскиот совет;

[49] http://skupstina.me/index.php/me/pristupanje-eu/skupstina-u-procesu-pristupanja

[50] Службен весник на Република Црна Гора бр. 22/08.

- по два члена кои ги предлага: невладината организации која се занимава со прашања за европска интеграција и примена на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Социјалниот совет.

Претседателот на Националниот совет се бира од редовите на пратениците од опозиционите политички партии, а потпретседателот на Националниот совет се бира од редовите на пратениците од парламентарното мнозинство. Претседателот, потпретседателот и членовите на Националниот совет ги бира Собранието на Црна Гора врз основа на кандидатска листа. Кандидатската листа содржи: број на членови кои се избираат, име и презиме на кандидатите за претседател, потпретседател и членови на Националниот совет.

Националниот совет ги има следните надлежности: ја надгледува и оценува имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација; го надгледува текот на преговорите за пристапување на Црна Гора кон Европската Унија и дава свое мислење, предлози и ставови во врска со тој процес; разгледува информации во врска со преговарачкиот процес; разгледува и дава мислење по прашања кои се отвараат во процесот на преговарање; го разгледува постапувањето во процесот на преговарање на членовите на преговарачкиот тим; по потреба дава мислење за усогласувањето на законодавството на Црна Гора со прописите на Европската Унија; разгледува и други прашања кои се однесуваат на европските интеграции и примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Во работата на Националниот совет може да учествуваат и Претседателот на Владата на Црна Гора и други претставници на Владата, претседателот и членовите на Колегиумот на претседатели на Собранието на Црна Гора, главниот преговарач, претставник на Постојаната мисија на Црна Гора во ЕУ, како и шефови на преговарачките групи од поединечни области за кои се расправа. На седницата на Националниот совет може да се поканат и претставници на стручните здруженија, научни работници и професионалци од разни области важни за процесот на преговори. Седниците на Националниот совет може да бидат отворени за јавноста. Кога се седниците затворени за јавноста претседателот на Националниот совет известува за предметот на расправа на Советот и за донесените одлуки. Националниот совет задолжително двапати годишно доставува извештај за своето работење до Собранието на Црна Гора. Ако постои потреба, Националниот совет, во договор со Колегиумот на претседатели на Собранието на Црна Гора, може, покрај двата редовни извештаи за својата работа може да поднесе и додатни известувања, информации или извештаи и за други прашања од делокругот на неговата работа, а кои се битни за процесот на европска интеграција. Административно-стручните работи за работата на Националниот совет ги обезбедува генералниот секретар на Собранието на Црна Гора во согласност со пропишаните овластувања, а преку Службата на Собранието на Црна Гора. Организацијата и работата на Националниот совет се уредува со Деловник за работа кој го донесува Националниот совет за европска интеграција. Националниот совет за европска интеграција престанува да постои во 2012 година со стапување на сила на

Одлуката за измени и дополнување на Деловникот на Собранието на Црна Гора[51] со која престанува да важи Одлуката за основање на Националниот совет за европска интеграција[52] и Одлуката за избор на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за европска интеграција[53].

## ЗАКЛУЧОК

Во Република Словенија, Националното собрание во процесот на евроинтеграција имаше важна улога, барем теоретски, затоа што Владата мораше да добие прелиминарно одобрување за својата преговарачка позиција од Комитетот за надворешни работи пред секое заминување во Брисел, а воедно на Владата ѝ овозможи споделување на одговорноста за целиот процес. Со оглед на ограничената експертиза во специфични технички области, практичната улога на Собранието во најголемиот дел беше сведена на прибирање информации со можност за инволвирање на Владата во дебата, при што на крајот најчесто беа само потврдувани позициите на Владата. Тоа придонесуваше за потешкотии во следењето на спроведувањето на усогласувањето на словенечкото законодавството со правото на ЕУ. Дополнително, Комитетот за надворешни работи и Комисијата за европски прашања немаа јасна поделба во голем дел на надлежностите, што се припишува како една од причините за недостатоците во функционирањето на Комисијата за европски прашања. Комисијата за европски прашања практикуваше одржување заеднички седници со другите тела на Националното собрание. Комисијата за европски прашања во процесот на пристапување имаше недостиг на човечки ресурси и неможност да ја следи динамиката на Владата.

Во Република Хрватска, карактеристично во процесот на пристапување кон ЕУ е основањето на Националниот комитет како работно тело на Хрватскиот сабор за следење на преговорите за пристапување, во кое учествуват и претставници на Канцеларијата на Претседателот на Република Хрватска, Академската заедница, Здружението на работодавачи и на синдикатот. Комитетот служи и како форум за консултации и дискусии меѓу партиите во Саборот и Владата. За разлика од Словенија, во процесот на европските интеграции преку оваа работно тело се вклучуваат недржавни актери, синдикатите или коморите на работодавачите и со тоа се јакне координацијата помеѓу сите инволвирани страни кои на еден или на друг начин влијаат врз текот на процесот на приближувањето кон Европската Унија. Процесот на вршење контрола на претпристапните преговори, започнува откако преговарачкиот тим на Република Хрватска ќе го достави предлогот на преговарачката позиција на Република Хрватска до Националниот комитет за дискусија и се усвојува позицијата. Конечната верзија на позицијата се доставува до Националниот комитет. Дополнителна карактеристика на Националниот комитет на Република Хрватска е тоа што седниците

[51] Службен весник на Република Црна Гора, бр. 25/12.
[52] Службен весник на Република Црна Гора, бр. 22/08.
[53] Службен весник на Република Црна Гора, бр. 51/09.

по правило се затворени за јавноста, со што се овозможува поконструктивна и поефикасна работа на учесниците.

По пристапувањето на Словенија и Хрватска во ЕУ, составот и надлежностите на надлежните парламентарни тела се менува. Заедничко и за двете земји е тоа што Европската спогодба за асоцијација (и стабилизација) престанува да важи, односно истата е заменета со Договорот за пристапување на Република Словенија и Република Хрватска во Европската Унија. Со престанувањето на важноста на правната основа за нивното формирање, мешовитите парламентарни комитети со ЕУ, престануват да постојат.

Република Србија ги вклучува одборите на Народното собрание  во областа на следење на пристапните преговори, со прашања од соодветните преговарачки позиции, додека Одборот за европска интеграција има централна улога во координирањето на сите активности. Одборот за европска интеграција, во преговарачкиот процес, соработува со граѓанските организации собрани во Националната конвенција за Европската Унија, која е формирана како тело за посебна соработка помеѓу Националното собрание на Република Србија и граѓанското општество. Со тоа, Националното собрание ја зајакнува својата контролна улога во процесот на преговори за пристапување на Република Србија и покажува подготвеност да обезбеди инклузивност во сите фази на преговорите за пристапување преку соработка со граѓанското општество, професионалната јавност и други заинтересирани страни.

Република Црна Гора во процесот на интеграции во Европската Унија имаше Национален совет, кој се основа како стратешко советодавно тело со високо ниво на учество на претставници од црногорското општество, за подобра координација и надгледување на примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и следење на идните преговори за пристапување на Црна Гора кон Европската Унија. За разлика од Хрватска, во него има по 1 претставник од Судскиот и Обвинителскиот совет. Црногорското тело се разликува по тоа што неговото членство е најбројно (30 члена) и сите членови имаат право на глас. Седниците на Националниот совет се обично отворени за јавноста, но може да бидат и затворени. Отпочнувајќи ги преговорите за членство, во 2012 год. Собранието на Црна Гора прави институционални измени насочени кон зајакнување на парламентарниот надзор врз евроинтегративниот процес и тогаш престанува да важи Одлуката за основање на Националниот совет за европска интеграција. Со тоа, освен Комисијата за европски интеграции како централно тело, седум матични комисии добија надлежност да ја следат и оценуваат усогласеноста со законодавството на Европската Унија и спроведувањето на законите, врз основа на извештајот на Владата.

***

Досегашната поставеност, надлежност и координација на работата на постојаните работни тела за европски прашања и останатите тела на парламентите на земјите од

Поранешна Југославија, во процесот на пристапување кон Европската Унија, може да послужи како пример  на македонското собрание, каква може да биде поставеноста, надлежноста и координацијата на македонските работни тела, со цел да имаме поефикасен процес на  интегрирање  на државата кон Европската Унија.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Archived Standing Orders of the Croatian Parliament, January 2002 (NN. 6/2002), Parliamentary Working Bodies, http://www.sabor.hr/10

Drago Zajc, "National Parliaments of the New Member Countries in the EU – Adaptation of the Slovene National Assembly to the New Challenges",  Europeanization in East Central Europe, Politička misao, Vol. XLV, (2008.), No. 5.

ECPRD Request 1542: Role of Parliament in the EU Accession Negotiation Process, reply by the National Assembly of the Republic of Slovenia.

ECPRD Request 1542: Role of Parliament in the EU Accession Negotiation Process, reply by the Parliament of the Republic of Croatia.

Измените и дополнувања на Деловникот за работа на Националното собрание на Република Словенија ("Uradni list RS", št. 60/2004).

Croatia on the Road to the European Union, Ministry of Foreign Affairs and European Integration, Republic of Croatia, 2009, стр. 9. http://www.mvep.hr/files/file/publikacije/Croatia_on_the_Road_to_the_EU.pdf

Официјална интернетска страна на Асоцијацијата на Европски сенати, http://www.senateurope.org/eng/warsaw_2004/reponsequestionnaire_slovenie_en.htm

Одлука за воспоставување на Комитетот за надворешни прашања на Народното собрание на Република Словенија, Uradni list RS, št. 109/2000 z dne 28. 11. 2000.

Одлука за составот на Комисијата на Народното собрание на Република Словенија за европски прашања, Uradni list RS, št. 44/1996 z dne 9. 8. 1996.

Одлука за воспоставување на Комисијата на Народното собрание на Република Словенија за европски прашања,Uradni list RS, št. 24/2001 z dne 5. 4. 2001.

Одлука за воспоставување на Комитетот за европски прашања, Uradni list RS, št. 60/2004.

Официјална интернетска страна на Националното собрание на Република Словенија, http://www.dz-rs.si/wps/portal/en/Home

Одлука за воспоставување на Комитетот за надворешни прашања на Народното собрание на Република Словенија, radni list RS, št. 60/2004.

Официјална интернетска страна на Хрватскиот сабор, http://www.sabor.hr

Официјална интернетска страна на Скупштина Црне Горе, http://www.skupstina.me/index.php/me/

Официјалната интернетска страна на Службен весник на Црна Гора, http://www.sluzbenilist.me/

Официјална интернетска страна на Асоцијацијата на Европски сенати, http://www.senateurope.org/eng/warsaw_2004/reponsequestionnaire_slovenie_en.htm
Одлука за воспоставување на Комитетот за надворешни прашања на Народното собрание на Република Словенија, Uradni list RS, št. 109/2000 z dne 28. 11. 2000.
Primoz Vehar, "The National Assembly of the Republic of Slovenia and EU affairs before and after accession", in O'Brennan J., Raunio T. (eds.), National Parliaments within the Enlarged European Union: From 'Victims' of Integration to Competitive Actors?, Routledge, London and New York, 2007.
Одлука за составот на Комисијата на Народното собрание на Република Словенија за европски прашања, Uradni list RS, št. 44/1996 z dne 9. 8. 1996.
Одлука за воспоставување на Комисијата на Народното собрание на Република Словенија за европски прашања,Uradni list RS, št. 24/2001 z dne 5. 4. 2001.
Одлука за воспоставување на Комитетот за европски прашања, Uradni list RS, št. 60/2004.
Официјална интернетска страна на Националното собрание на Република Словенија, http://www.dz-rs.si/wps/portal/en/Home
Одлука за воспоставување на Комитетот за надворешни прашања на Народното собрание на Република Словенија, radni list RS, št. 60/2004.
Официјална интернетска страна на Хрватскиот сабор, http://www.sabor.hr
Odluka o osnivanju Nacionalnog odbora (19. siječnja 2005.). http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=13010&sec=287
Официјална интернетска страна на Народната скупштина на Република Србија, http://www.parlament.gov.rs/
Поставеност, надлежности и координација на парламентарните тела во процесот на европска интеграција – парламентарен институт на Собрание на Република Македонија, декември 2014.
Primoz Vehar, "The National Assembly of the Republic of Slovenia and EU affairs before and after accession", in O'Brennan J., Raunio T. (eds.), National Parliaments within the Enlarged European Union: From 'Victims' of Integration to Competitive Actors?, Routledge, London and New York, 2007.
Poslovnik Hrvatskoga Sabora, Narodne novine br.: 81 29.06.2013.
Parliamentary Working Bodies, http://www.sabor.hr/10
Rezolucija o strategijskim odrednicama pregovora Republike Hrvatske s Europskom unijom, Narodne novine br.: 122 19.10.2005.
Резолуцију о улози Народне скупштине и начелима у преговорима о приступању Републике Србије Европској Унији, Народна скупштина на Република Србија, Белград, 2013.
Fink-Hafner,Lajh, Managing Europe From Home The Europeanisation of the Slovenian Core Executive, OEUE Phase I, Occasional Paper 6.1- 09.2003, стр. 22 http://www.oeue.net/papers/slovenia-theeuropeanisationoft.pdf